Читајте нè и на интернет и таму сме бесплатни skopskoeho.mk КЛИКНИ!

# СКОПСКО ЕХО

бр. 204 — 10.04.2024

бесплатен неделник на македонската метропола

ПЕНАЛ

МАКЕДОНСКИ АГРЕГАТОР НА СПОРТСКИ ВЕСТИ



www.penal.mk

ШКОЛСТВОТО И ВЛАСТА...

# Оставаат зад себе расформирано образование, а ветуваа дека врвно ќе го реформираат









## Ќе не обединуваат за да им ракоплескаме или за заедно да носиме ставови по важни прашања?



## Нормално е Скопје да расте и да се проширува, но не на ваков начин, без ред



## Во Луна паркот има рингишпил каде се вртат празните ветувања дека ќе биде направен?



# Во Луна паркот има рингишпил каде се вртат празните ветувања дека ќе биде направен?



Старото детско вовче, два рингишпила, ситни градежни работи со поставување на павер-елементи е она што скопјани последниве месеци можат да го видат на соголениот простор на некогашниот омилен Луна парк во Градскиот парк. А беше најавувано дека Скопје ќе добие најдобар забавен парк на Балканот.

Пред девет години се затвори овој простор каде претходно се забавуваа најмладите генерации, а веќе девет години само се редат ветувањата дека Луна паркот ќе се преуреди и направи поголем, поубав… Ама ништо од тоа. Нема засилени работни зафати, нема поставувања на нови забавни реквизити. Всушност, последните две години, како да секнаа и ветувањата од Градот Скопје дека нешто ќе биде направено и ставено во употреба, дури и со намален број на веќе набавените реквизити кои сега скапуваат по магацините.

Од паркот кај Вардар во скопската општина Аеродром градското претпријатие „Паркови и зеленило" неодамна ја крена вртелешката која таму беше дислоцирана од главниот скопски плоштад. Ја префрлија на локацијата на Луна паркот, но се уште нема објаснување дали тоа значи дека се подготвува некакво активирање. А најави дека скопјани ќе добијат нов Луна парк се редат уште од 2011 година. Тогашниот градоначалник Коце Трајановски најави дека е распишан тендерот за избор на концесионер за изградба на нов луна парк. Но, потоа, градот Скопје реши да го гради со свои средства при што првата фаза започна во 2017 година за да се биде завршено до 2018 година. Но, тоа не се случи, за потоа неговиот наследник Петре Шилегов во 2022 година да најави дека ќе продолжи реализацијата на проектот за нов забавен парк. Беше изработена и студија од италијанско архитектонско студио која беше презентирана, со која требаше да бидат вклопени седумте реквизити купени во времето на Трајановски, но и да се предвидат локации за поставување нови 20, како панорамско тркало, ролеркостер, тајфун, пиратски брод, рингишпил… Но…

Продолжија ветувањата и од новата градоначалничка Данела Арсовска дека нов Луна парк ќе има. Таа во својата изборна програма вети „најдобар Луна парк на Балканот" но и уште два забавни парка во Чаир и во Аеродром. На крајот на 2021 година, Арсовска вети дека веднаш на стартот на 2022 година ќе започне уредувањето на новиот Луна парк и за тоа беше донесена и одлука на Советот на Град Скопје. Подоцна, во текот на истата година најавуваше дека проектот е во завршна фаза и дека наскоро ќе почне партерното уредување, па потоа…

Очигледно, наместо вртелешките во него, се вртат ветувањата на градските татковци.

# Партиите да прикочат, валканата кампања да излезе од автобусот



Се секавате дека претседателските кандидати потпишаа Кодексот за фер и демократски избори? Добивате впечаток дека сите (заедно со своите партии поддржувачи) се придржуваат до тоа?

Често паѓаат тешки обвинувања, па демантии, па разни подметнувања, па најави за тужби, па судови, па… Како во прв план во кампањата да е оцрнување на политичкиот противник, а не себепромовирањето дека е достоен да биде избран. Зарем вака ќе добиваат гласови и ќе не уверуваат дека тие се најдобриот избор за во следните 4 години? На Македонија, на демократијата, на изборниот процес не им се потребни подли обиди за дискредитација на политичкиот противник. Тоа мора да престане.

Јавноста уште на неодамнешниот пример кога беше објавена фотографија на претседателскиот кандидат Гордана Силјановска – Давкова со бугарскиот европратеник Андреј Ковачев за да се оцрни кандидатката дека ете се сретнала со сегашниот негаторот на Македонија, а за која се испостави дека е стара дури пет години и е направена во сосема друг контекст отколку оној што го следеше сегашното објавување на фотографијата. Дали тоа е патот по кој ќе се стаса до довербата и гласовите на избирачите? Искуства покажуваат дури и спротивни ефекти. А и јавноста веќе праќа сигнали дека сака да слушне програма и што до сега е реализирано од старите програми.

Партиите да прикочат. Изборниот караван врви, но од автобусот да излезе црната кампања. Да не го валкаат изборниот процес – кој баш сите тие велат дека е празник на демократијата.

HALKBANK
> ВАЖНИ СЕ ЛУЃЕТО

ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ КАНДИДАТИ ФОРСИРААТ ЗАЕДНИШТВО

# Ќе не обединуваат за да им ракоплескаме или за заедно да носиме ставови по важни прашања?

**Не може претседател на држава да тера по свое или како ќе му кажат странците, а да бара обединување на граѓаните околу одлука што ќе ја донесе. Тој треба прво обединето со другите да ги носи важните одлуки, па потоа врз нивното реализирање да се направи обединување на граѓаните, ни вели скопјанецот Васил**



**Мене ми е важно да знам како претседателските кандидати планираат да ги обединат граѓаните во услови кога меѓу нив има толку големи разлики. Поделбите се големи и не смеат уште да се продлабочуваат. Мора да се најде начин тие да се надминат и да се прават заеднички договори за најважните државни прашања. Не може само едни да решаваат за се, смета Марко Д. од Кисела Вода.**

Седумминатa претседателски кандидати засилено тераат кампања низ Македонија. Ветувањата се различни, но имаат и нешто заедничко во настапите како потенцијални претседатели на државата - дека ќе работат на обединување на граѓаните, дека ќе делуваат како претседател на сите граѓани. Ветуваат дека ќе водат сметка за ставовите, интересите и потребите на сите граѓани.

Последниве години такви повици за обединување од досегашните премиери и од шефот на државата - без чести. Таквите повици зачестија посебно во периодот кога се носеше Преспанскиот договор со Грција, кога се правеа наметнати уставни промени и се менуваше името на државата, кога власта се откажуваше од дел од историјата, кога се склучуваше Договор за добрососедство и пријателство со Бугарија, кога почнаа бугарските ултиматуми и вето за нашите преговори за членство во ЕУ...

А, причини за таквите повици беше фактот што таквите одлуки и договори предизвикаа големи поделби во македонското општество, откако претходно беа носени без да се консултира опозицијата, а се игнорираше и референдумот и бројните анкети со граѓаните.

Едноставно, се доаѓаше практично до ситуација во која актуелното државно раководство повикува на единство откако веќе ги донело одлуките кои го поделија македонското општество. Како да се бараше од граѓаните кои мислат поинаку од државниот врв да им ги аминуваат одлуките во име на „обединувањето".

Затоа сега се поставува прашањето: Што претседателските кандидати подразбираат под обединување на граѓаните кое така често го споменуваат? Дали тоа значи задржување на досегашната пракса со која важните одлуки ќе го носи тесното раководство, поддржано од помал дел од граѓаните, или, пак, навистина ќе се води сметка прво за она што го мисли и бара најголемиот дел од граѓаните и ќе се постигнуваат заеднички ставови кои ќе ги вклучат интересите на сите?

-Не може претседател на држава да тера по свое или како ќе му кажат странците, а да бара обединување на граѓаните околу одлука што ќе ја донесе. Тој треба прво обединето со другите да ги носи важните одлуки, па потоа врз нивното реализирање да се направи обединување на граѓаните, ни вели скопјанецот Васил.

Пред Македонија и нејзините граѓани стојат уште многу важни одлуки. Ќе внимава ли новиот шеф на државата околу тоа како ќе се носат одлуките и дали ќе се успее да се постигне толку потребното обединување?

-Мене ми е важно да знам како претседателските кандидати планираат да ги обединат граѓаните во услови кога меѓу нив има толку големи разлики. Поделбите се големи и не смеат уште да се продлабочуваат. Мора да се најде начин тие да се надминат и да се прават заеднички договори за најважните државни прашања. Не може само едни да решаваат за се, смета Марко Д. од скопската општина Кисела Вода. Досегашното искуство во македонското општество, а и искуствата од другите општества, укажуваат дека обединувањето околу клучните цели не е можно ако притоа се игнорира мислењето на мнозинскиот дел од граѓаните. Не може да се упатуваат повици за обединување, а претходно веќе да е донесена одлука во тесен круг на раководството и за која не се информира ниту, пак, се консултира опозицијата. Мислењето на мнозинскиот дел од граѓаните мора да биде основа врз која ќе се гради потребното обединување и кое во себе треба да го вклучува и мислењето на малцинството. На таков начин, преку отворен дијалог, ќе се дојде до заеднички решенија и ставови кои ќе ги одразуваат интересите на сите категории на граѓани и ќе се дојде до стабилни решенија со кои нема да се зголемуваат поделбите во македонското општество. Кој од претседателските кандидати го може ова, ќе кажат граѓаните.

## Сепак, во кампањата се прават поделби

Уште пред офоцојалниот дел на кампањата СДСМ побрза да каже дека „на овие избори ќе се врши изборот меѓу Исток и Запад", а тоа води кон нови поделби во општеството. Како да намерно се заборава дека сите анкети покажуваат - мнозинството од граѓаните во Македонија сакаат зачленување во ЕУ. Разлики, колку што може да се види има само околу тоа, дали да се стане член на Унијата клечејќи и прифаќајќи секакви ултиматуми или да се отвори вратата на Брисел со повеќе достоинство и по правила како за сите други земји членки. Други пак прават поделби на „патриоти" и „предавници", трети повеќе зборуваат за некакви етнички придобивки отколку за придобивки на сите граѓани во Македонија...

Секако, на крајот од таквите говори се кажува – ајде да се обединиме...

## ШКОЛСТВОТО И ВЛАСТА...

# Оставаат зад себе расформирано образован

**Образованието веќе не ни е квалитетно, веќе е навлезено во пропаѓање по „реформите" на Мила Царовска и од него ќе излегуваат кадри кои ќе бидат само обична работна сила и ќе бегаат од државата, смета Стефанија Пирганоска**





Образовниот систем во Македонија колабира: се реформира, се расформира, се деградира... Има уште објаснувања, ама и овие „слики" се доволно „силни" за да се вклучи алармот кој треба ќе го разбуди поспаното државно тело кога е во прашање овој многу важен општествен сегмент. Во многу училишта фали инвентар, нема модерни табли, проектори, кабинети и други посовремени нагледни средства. Учебници, кој има, кој нема. На тие што имаат учебници многу работи им се неразбирливи, наоѓаат апсурдни грешки во нив..., а тие, пак, што немаат слушат само празни ветувања дека наскоро ќе ги добијат и учат на импровизиран начин. Нема добра програма, а има ослабен образовно – воспитен процес.

Се прават бомбастични и многу фалени реформи на реформите, а состојбата станува полоша. Веќе се создаде хаос во кој како да не се знае кој е темелот на кој стои образовниот систем. Од набрзина донесената нова концепција за основното образование веќе почна да се откажуваат и нејзини автори.

- Некогаш имавме квалитетно образование кое вадеше квалитетен кадар сега веќе не. Образованието веќе е навлезено во пропаѓање по „реформите" на Мила Царовска, по корона-кризата. Се додека се аплаудира на партиски решенија нема да имаме квалитет. Од школите ќе излегуваат кадри кои ќе бидат само обична работна сила и ќе бегаат од државата или ќе останат и нема да се разликуваат од масата, смета Стефанија Пирганоска.



**МАЈА ЈОВАНОВА: Учебниците се ужас, а поранешната министерка Царовска само го дорастури тоа малку што го имавме**

### НЕМА УЧЕБНИЦИ ИЛИ СЕ СО ГРЕШКИ

Властите за да ги покријат овие хаоточни состојби само даваа нови ветувања. А колку се лоши состојбите во македонското образование покажаа и истражувањата на УНИЦЕФ според кои постигнувањата на нашите ученици се под просекот на учениците од Западен Балкан. И Програмата за меѓународно оценување на учениците (ПИСА) пред две години покажа поразителни резултати. Во Западен Балкан нашите ученици се најслаби во читање, математика и природни науки.

Во времето кога со ресорот управуваше министерката Мила Царовска се „зготви" набрзина нова реформа, нова концепција за основно образование, се применуваа фински и други модели, се консултираа само истомисленици, а се игнорираа зналци кои критикуваа... и власта самоуверено чекаше постигнување на успех. Ама...

Се трансформираа и разделуваа предмети Историја и Географија, се најавуваа укинувања на печатените учебници и воведување на дигитални.... За жал, ги игнорираа реакциите во јавноста дека реформата е лоша, неподготвена, избрзана, дека треба да се стопира и поново осмисли.

-Образованието ни е на стаклени нозе и тоа сега е никакво. Учебниците се ужас, а поранешната министерка Мила Царовска само го дорастури тоа малку што го имавме. Потребна ни е комплет нова реформа, вели Маја Јованова.



**СТЕФАНИЈА ПИРГАНОСКА: Да се врати стариот начин, училишта да бидат воспитно образовни институции, наставникот да биди наставник**

Меѓутоа, тоа не и се слуша на власта. Затоа и имаше невидени апсурди во учебникот по Историја и општество за петто одделение каде пишуваше дека Монт Еверест е висок 29.305 метри, а Македонија од исток се граничи со Албанија, а од запад со Бугарија, дека Никола Тесла е изумител на електри-

## Слаби на меѓународни тестирања, а дома полни со петки

При лош образовен систем и при лоши межународни тестирања, македонските деца сепак беа полни со петки. Пред две години дури имаше и шокантна вест дека на приемен испит за упис во скопската гимназија „Орце Николов" од 292 завршени основци кои имале целосно одличен успех, само 11 оствариле одличен успех и на тестирањето, а нив 40 добиле „единици". Тоа го отвори и прашањето за реалноста на оценките кои ги добиваат во текот на основното образование и лесното оценување со "петки". Испадна дека отсуството на вистински реформи го надокнадуваа со високи оценки?

# ие, а ветуваа дека врвно ќе го реформираат



чна енергија... Во учебникот по Географија за осмо, пак, на Португалија и е ставено државното знаме на Шпанија!? Но, тоа е само една страна од проблемот. Втората е што некои важни предмети „исчезнуваа". Трета е дека добар дел од учебниците учениците се уште ги немаат. Комисијата за заштита од дискриминацијата во септември лани откри дека од 126 учебници потребни за сите задолжителни и изборни предмети во деветгодишното основно образование, на почетокот на учебната 2023/2024 година не биле обезбедени 43 учебници, односно недостигале 34 отсто или една третина. По ова се редеа изјавите на министерот Јетон Шаќири дека учебници ќе се печатат, дека немало рецензенти, дека наставните планови и програми на време ќе се прават...

Школските кабинети и натаму се недоволно опремени. Затоа, пак, бомбастично се формира владино тело Совет за образование на чело со премиерот и полно со министри, но ефектите од неговата работа до сега не и се познати на јавноста... Македонија сите овие години е земја во која се помалку се издвојува за образование: пред 5 години беше 3,7 од БДП, а сега е 3,2 отсто, при што 87 отсто од расходите за основно образование се за плати...



**ТАЊА ТРАЈКОВСКА: Итно мора да се направат нови учебници од стручни лица, не од партиски**



**ИЛИНКА ЕФТИМОВА: Квалитетот на сегашното образование го оценувам со 0 (нула) оценка**

-Квалитетот на сегашното образование го оценувам со 0 (нула) оценка. Ова е катастрофа, само ги малтретират децата и наставниците. Мила Царовска уништи се во образованието и си замина, а никакви добра нема, смета поранешната просветна работничка Илинка Ефтимова.

## СЕ ФАТИЈА ЗА ОБРОКОТ И ПРЕВОЗОТ

Сега е прашањето што да се прави понатаму? Во пресрет на изборите владеачката партија наместо ревизија на својата погрешна образовна концепција дава други ветувања. Најавува, на пример, воведување на бесплатен оброк за учениците во основните и средните училишта, бесплатен јавен превоз, бесплатни екскурзии... Но, за она што суштински треба да се смени во образованието нема ниту збор. Сметаат дека се е во ред?

-Состојбата во образованието е никаква, што од учебници што од наставници. Катастрофа е начинот на кој се направени некои книги. Лекциите немаат лесен тек за учење, не се убаво објаснети, посебно за помалите ученици до 6-то одделение. Ако дома не си наставник со децата, тешко дека нешто ќе научат. Итно мора да се направат нови учебници од стручни лица, не од партиски кои се неписмени. Мора да се сменат и програмите за наставата, смета Тања Трајковска.

И Стефанија Пирганоска смета дека нешто мора радикално да се смени.

-Потребно е да се врати стариот начин, училишта да бидат воспитно образовни институции, наставникот да биди наставник и да се има почит, а не учениците да му кажуваат "Не ми можеш ништо, ќе дојде тато, вујче"... Образованието да не е под капа на партија која како се смени така да внесува реформи. И да се забрани да се вработува наставници по партиски клуч. Имав таква ситуација таков наставник и беше страшно тоа што им го напрај во тек на една година на децата, предупредува ова граѓанка.

Реакцијата на новите власти треба да биде брза и конкретна. Образованието е мошне важно и е показател каква ни е државата.



**БОРЧЕ СИМОНОВСКИ: Какви се реформиве и ситуацијата во образованието изгледа добро е да се смени државата**

-Какви што се реформиве и ситуацијата во образованието изгледа добро е да се смени државата со некоја нормална. Оние што не можат да си ја сменат државата ќе си ќутат и ќе чекаат резултати за некоја година пошто за револуција и за преземање нешто конкретно тешка работа, ни рече граѓанинот Борче Симоновски.

Очигледно, власта остава зад себе хаос во оваа важна општествена сфера. Но, не треба да има целосно разочарување, напротив сега (а особено по изборите) треба да се има поттик за засилено и планско работење. Кој тоа го може, треба добро да се размисли пред гласањето.

АГРОНОВА
Систем интегратор
АГРОНОВА ДОО – СКЛАДИШТА МАЏАРИ
ЈАВНИ И ЦАРИНСКИ СКЛАДИШТА И ШПЕДИЦИЈА
Ул. Благоја Стефковски бб Маџари, 1000 Скопје Македонија
**Тел:** +389 2 2535 510 **Моб:** +389 71 382 062
e-mail: info@agronova.com.mk




Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ

# „СКОПСКО ЕХО“ ПРАШУВА: КОИ ТРИ РАБОТИ ПРВО БИ ГИ НАПРАВИЛЕ АКО СТЕ ГРАДОНАЧАЛНИК?

ИГОР РАИДЕН

*ДА СУМ ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ*

## Ќе организирам функционален град кој нема да има потреба од депонии



**Сметам дека нема ниту еден физички предмет кој не може да се пренамени, реупотреби или рециклира**

За граѓанскиот активист Игор Раиден градот има општ проблем со функционалноста на институциите, соработката во и меѓу институциите, како и трудот кој не се вложува за сите граѓани на Скопје да имаат поквалитетен живот.

### 1. Чекори кон функционални институции

Во моментов сме во ситуација на вообичаени внатрепартиски препукувања насекаде, па и во Советот. Таа пречка може да се елиминира преку регулатива и правилници и нивна доследна примена преку постојана активна соработка.

### 2. Решавање на проблемот со аерозагадувањето

Потребно е градот преку инспекциските служби и јавните претпријатија да дејствува итно околу аерозагадувањето! Ова особено се однесува на контролата на работата на индустриските капацитети и преземање вистински, итни и трајни мерки за заштита на здравјето на граѓаните, но и стеснување улици и обесхрабрување на употребата на автомобили...

### 3. Да се нема потреба од депонии

Комуналното претпријатие има сериозна потреба од реформа и прегрупирање. Имам концепт за создавање единици поделени по тип на отпад. Едукација, напорна работа, но и намалување на неодговорниот консумеризам, тоа е клучот. Сметам дека нема ниту еден физички предмет кој не може да се пренамени, реупотреби или рециклира.

АЛЕКСАНДАР КИРАЏИЕВ

*ДА СУМ ГРАДОНАЧАЛНИК НА АЕРОДРОМ*

## Би ја стопирал градбата на нови згради во Аеродром

**Ќе поставам мало кружни токови, нарочито на потегот на бул. „Србија“ и бул. „Јане Сандански“**



Александар Кираџиев, фитнес инструктор, наведува дека еден од поглавните приоритети би му бил запирањето на злоупотребите во сферата на урбанизмот што се прават на подрачјето на општината.

### 1. Запирање на нови градби

Потребно е да се воведе ред во сферата на урбанизмот на нашата општина во која интензивно се градат нови објекти. А тоа значи дека би ја сопрел било каквата урбанистичка мафија, односно, во иднина би ја стопирал изградбата на нови згради.

### 2. Мали кружни текови

Би поставил мало кружни текови, нарочито на потегот на бул. „Србија“ и бул. „Јане Сандански“, како би се забавил сообраќајот. Сите сме сведоци како се вози брзо, посебно на овие две сообраќајници. Со мали кружни текови сообраќајот би се забавил, а тоа би придонело за зголемената безбедност на пешаците и на другите учесници.

### 3. Би финансирал улична атлетска трка

Сите гледаме колку убав настан е „Скопски маратон“. По тој терк, би организирал и улична атлетска трка во Аеродром. Терминот лесно ќе се определи, а сигурен сум дека таа идеја би била прифатена од сите генерации на жители.




total TV

# ГЛЕДАЈ ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 1 ДЕНАР МЕСЕЧНО




+ EON АПЛИКАЦИЈАТА

**СИТЕ ТОТАЛ ТВ ПАКЕТИ**

**12 МЕСЕЦИ**

**ПО 1 ДЕН МЕС**

**+ ПИНК ПАКЕТ**

ВО ЕКСТРА И ПРЕМИУМ ПАКЕТ

Порачај на (02) 30 63 000 | totaltv.mk

# ГРАЃАНИТЕ ДО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ



Уште не е направена главната скопска клучка кон Блаце и Косово. Артан Груби многу се фалеше дека ќе ја направи.
**Агим**



Во ова пролетно време сите дрвја се расцутени со исклучок на ова на централниот скопски плоштад. Ќе стаса ли некоја пролетна акција и до него, за да се за мени со нова садница...
**Мира**

следете не на Facebook Skopsko Eho



Веќе девет години откако е започната реконструкција зградата на „Пелагонија" во центарот на Скопје не може да добие фасада. Уште колку години треба да поминат?
**Миле**



Ова е покрај Вардар спроти стадионот, значи центар на градот. Срамота.
**Горан**

**Почитувани читатели,**
Преку рубриката **„ФОТО ДОКАЗ"** можете да испратите пораки до скопските градоначалници за се она што мислите дека треба да го поправат, доправат, направат, исчистат... или пак да ги пофалите за нешто добро сработено. Сите ваши фотографии и краток коментар може да ни ги испратите на **e-mail: skopskoeho10@yahoo.com**

Во зависност од просторот и соодветноста на пораките Редакцијата на **„СКОПСКО ЕХО"** поголемиот дел од нив ќе ги објави во весникот.


ПОВЕЌЕ ЗА ПОМАЛКУ
Избери пакет банкарски услуги по твоја мерка и заштеди на месечните трошоци
Комерцијална банка
ПОЛЕСНО Е ЗАЕДНО
kb.mk

КАСИОПЕЈА НАУМОВСКА

# Нормално е Скопје да расте и да се проширува, но не на ваков начин, без ред



**Недостасува поголема ангажираност околу хигиената на градот, осветленоста на помалите улици, безбедноста во сообраќајот..., вели Наумовска**

Ликовниот уметник и културолог, Касиопеја Наумовска, сака во македонската метропола да постои некој ред, правила, а со тоа и можност навистина да заличи на убав град.

**● Кога ќе кажете Скопје, кои мисли и слики Ви се појавуваат?**

-Немам конкретна слика меморирана од самиот град, тогаш Скопје беше дел од поголема држава која ни овозможи да посетуваме концерти, претстави, имавме достапна литература. Најчесто тоа се спомени врзани со безгрижно детство, зелени паркови, игри. Можност за посета на светски изложби во поголемите градови на тогашната држава. Создавање пријатели со кои сме имале можност да растеме и се формираме во зрели и докажани личности.

**● Кое Скопје го сакате повеќе: Ова сега или тоа од порано?**

-Скопје се сака засекогаш. Тука сум родена, сум пораснала, образувала и формирала во тоа што сум сега. Не можам да кажам не го сакам градов сега, ниту пак да се врзам за некое далечно минато проткаено само со спомени. Напротив го сакам и се уште сакам да живеам тука, да придонесам колку можам за подобрување на идното Скопје, за идните деца кои остануваат да го живеат и несебично градат со квалитет, култура, знаење.

**● Скопје и скопјани даваат и плаќаат, но дали институциите и градоначалниците доволно му даваат на градот?**

-Би одговорила само за општината во која живеам дека е прва која уште пред многу години покрај другите обврски финансира уметност, спорт, цени и почитува професионален успех на своите жители од највозрасни до најмлади. Би издвоила генерално дека недостасува поголема ангажираност околу хигиената на градот, осветленост на помалите улици, безбедност во сообраќајот, кој за жал го нема.

**● Дали Вие доволно му дадовте на градот?**

-Не станува збор за сметководство кој колку дал, моето образование го стекнав во Скопје, кариерата која ја градам со години освен со меѓународни изложби е поврзана тука во градот. А задоволството е огромно кога баш во Скопје ќе се претставам со најнови дела, можеби поточен збор би избрала да се оддолжам, бидејќи Скопје и ме формирало како личност, како дел од урбана средина.

**● Со што најмногу се гордеете во Скопје?**

-Се гордеам со секој стекнат успех на младите, а ги има во сите области. Се гордеам со ентузијазмот кој и покрај тоа што е заробен и опкружен со многу неквалитет, копии или кич, оставајќи белези на неубаво и грдо, успеваат како фиданки да се протнат низ сето тоа и да го сочуваат сопствениот идентитет изграден токму во овој град.

**● Преголемо ли е Скопје за Вас, треба ли да расте или да се намали?**

-Не би можела да одговорам на ова прашање точно, бидејќи Скопје е многу мал град во споредба со останатите европски градови, нормално е да расте и се проширува но не на ваков начин без ред, каде никнуваат згради една до друга, без тој стандарден простор меѓу нив што треба да го има, 40 метри е стандардот, со зеленило, лесен и достапен пристап и без клаустрофобичност. Да се намали, а со тоа и растерети, тешко дека е изводливо во овој замав на изградби, но барем би сакала да постои некој ред, правила, а со тоа и можност навистина да заличи на убава метропола.

**● Во какво Скопје сакате да живеете?**

-Би одбрала како приоритет град кој не би бил на светската црна листа по загаден воздух, нечистотија, безредие. Сакам да не е ретко синото небо над Скопје, најчесто покриено со смог и неподнослив мирис на штета на граѓаните.

## Недостасува почитување на законите

**● Што Ви недостасува во градот, а што би одзеле?**

-Најмногу ми недостасува почитување на регуларните закони без кои не би можело да функционира ниедно нормално општество. Недостасува основна култура, знаење, не дека нема културни настани и публика, нема млада публика или таа е малку на број, најчесто составена од млади идни уметници, без разлика дали станува збор за ликовна, музичка, литературна или драмска уметност.

Недостасува сообраќајна култура, која секојдневно ја живееме. Недостасува чист воздух. А ако би имала некаква моќ би ги одзела дивите депонии, дивите градби, но сметам дека се тоа не би постоело, навраќајќи се повторно на почетокот на одговорот, доколку се почитуваат законите.



# МАКЕДОНИЈА ПОВТОРНО ГОРДА!

ГОРДАНА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

ВМРО-ДПМНЕ

2

НАРАЧАТЕЛ: ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА ЗА ТВОЈА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама, нарачател ВМРО - ДПМНЕ



## Имаше време и планината Беласица да ја поместат...

Единаесет месеци по пожарот и шест месеци откако почна менувањето на опожарените топловодни цевки мостот „Беласица" во Скопје се уште не е во целосна употреба. А важен е за голем дел од Скопје и многу е фреквентен.

Сообраќајот по него се одвива само по две ленти кои за сообраќај беа отворени лани во септември. Останатите ленти и натаму се забранети за сообраќај, а колку тоа го забавува вкупниот сообраќај во ферквентниот дел кај ТЦ „Ист Гејт" и преминот кон огромната општина Аеродром не треба да се зборува.

Најави дека наскоро би можело да се очекува целосно пуштање на мостот за сообраќај – нема. Нема нови информации од Градот Скопје, нема најави од државното претпријатие ЕСМ коешто во октомври започна со менувањето на опожарениот топловод и со поставување на новите цевки.

Зарем уште ќе остане неизвесно кога граѓаните ќе добијат мост по кој ќе можат сигурно да поминуваат, без колони и блокади? Многу време помина, до сега ако се работеше како што треба надлежните и планината Беласица ќе ја поместеа, а не еден краток мост да реновираа.

ЕХО

СКОПСКО ЕХО
ул. Димо Хаџи Димов бр. 38, Скопје
тел: 078/418-692
основач:
Антонио Спасов
Редакција:
главен и одговорен уредник:
Бранко Ѓорѓевски
skopskoeho10@yahoo.com
Издавач:
ЕХО МЕДИА ГРУПА
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
жиро сметка: 290-1000000918-08
Директор:
Костадин Андоноски
Маркетинг:
marketing@emg.mk
тел. 078/444-021
Тираж: 50.000 примероци
Испечатено на: 9.04.2024 г.
Печати: „Европа 92" Кочани
ул. Крижевска бр.22

МОТО КЛУБ „ВЕПАР"

# Сакаме да покажеме дека убавината на моторџиството е во дружењето



**Цел ни е да го смениме мислењето за моторџиите дека тие се агресивни типови покрај кои никој не може да се чувствува сигурен на улицата, вели Зоран Огненовски, претседател на клубот**

За дел од граѓаните терминот „моторџија" веднаш буди асоцијации дека се работи за лица кои возат пребрзо, агресивно, бучно и често ја загрозуваат безбедноста на улиците. Такви моторџии навистина има. Но, има и од оние другите, оние кои возат умерено, кои ги почитуваат сите прописи, кои не загрозуваат никого и кои уживаат во она што превозното средство на две тркала може да го пружи. Таква група на скопјани веќе десетина години делува во скопската општина Карпош, организирана во мото клубот „Вепар" и кои зад себе имаат завидни активности.

-Настанавме како резултат на желбата на група на луѓе да се дружиме преку уживање во возење мотори, но и желбата на други луѓе да им пренесеме каква убавина дава моторџиството, но и да ја шириме мото-културата во градот. Таа е загрозена заради несовесноста на лицата кои имаат мотори, но возат безобѕирно, ни вели Зоран Огненовски, претседател на овој клуб.



Клубот сега има околу петнаесетина членови, но бројката постојано варира. Не се бара поседување на одредена марка на мотор, а клубот си има свој грб и обележје кое е истакнато на нивните елеци. Се собираат секој четврток во просториите коишто ги изнајмиле за своите активности. Постои и нивен Кодекс кој првенствено бара да се почитуваат сообраќајни правила и прописи, посебно кога возат со клупски обележја.

-Сакаме да го смениме мислењето за моторџиите дека тие се агресивни типови покрај кои никој не може да се чувствува сигурен на улицата. Сакаме граѓаните да добијат слика за нас дека сме луѓе кои сакаме да се дружиме и да уживаме во тоа што може да го овозможи добар мотор. Тоа е целта на сите наши активности, ни вели Огненовски. Досега имале повеќе активности. Често оделе по домовите за деца за да им ги доближат моторите, а една од најпознатите манифестации во Скопје и е „Бавна трка" којашто редовно ја организираат.

**Зоран Огненовски: За да останеш жив и неповреден на моторот треба да внимаваш, да не дивееш на тие брзи тркала**

-Во трката која се прави на делници од 30 и 50 метри победникот е оној кој на целта ќе стаса втор. Односно, оној кој возел побавно. Посебна вештина е да возите бавно и тоа сакаме да го промовираме, ни вели претседателот на овој мото-клуб. Тој посебно ги советува младите возачи да внимаваат кога седнуваат да возат силен мотор.

-Мој совет од секој моторџија е да се остане жив. А за да останеш жив и неповреден на моторот треба да внимаваш, да не дивееш на тие брзи тркала. Убавината на возењето на моторот е во дружењето, во тоа со него да поминеш што повеќе километри. Адреналинот е во тоа, да поминеш и по 12-15 часа во возењето на мотор, а да не се чувствуваш изморено, порачува Огненовски.

### Едукација на учениците

-Планираме и да иницираме нови активности со кои ќе одиме со мотори по школи и би држеле едукативни предавања на учениците за моторите. Односно, би зборувале за тоа како да се зачува безбедноста, како сигурно да се вози, а потоа и би им овозможувале на учениците да пробаат да возат и да се вљубат во моторите, вели Зоран Огненовски.


Здравјето пред сè
АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
www.alkaloid.com.mk


31900 ден.
Vox IVA1-12IR
27900 ден.
33900 ден.
Vox IVA6-12JRPCW1
29900 ден.
49900 ден.
Vox IVA5-18JR
44900 ден.
53900 ден.
Mitsubishi
MSZ/MUZ HR35 VF
45900 ден.
BITEL
Повеќе информации на www.bitel.mk или 047/22-00-55

# Очекуваме одговорност и отчетност



Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ

Постои надеж, како и стравување од брзи непромислени промени и нови неизвесности. Нека не бидат „револуции" туку добро изведени промени и силен ветар во грбот за обнова на сите функции во државата. Посебно значење има уметноста и науката, токму заради тоа што се натрупаа премногу црнила од минатото. Не знаеме што ќе рече народот: ќе добиеме „мајка" или „татко" на нацијата, што пред се ќе се погрижи за обединување и рамноправност, а не за поделби меѓу луѓето. И другите претставници на власта, избрани од народот ќе треба да се зафатат решително и одговорно со концентрирана енергија да ги решаваат тешките проблеми натрупани во последните триесеттина години. Од младите се очекува свежа енергија, а тука се и веќе познати ликови. Очекуваме одговорност и отчетност, посветена, чесна работа со понагласена скромност. Време е да се истиснат и маргинализираат сите оние кои до сега не работеле во интерес на македонската држава.

Амбасадорката со лаконската изјава „се е можно" ги осуди таквите состојби, како и заради поделеноста по прашањето за внесување на Бугарите во Уставот. И Грција и Бугарија, која упорно го негира македонскиот идентитет се членки на ЕУ. Покрај тоа албанските партии неформално се обврзале да не влегуваат во каква било влада која нема да ги поддржи уставните измени. Нова уцена за бришење на 20-те проценти за да се израмнат во секој поглед со државотворниот народ. Уште еден пример за непочитување на сограѓаните Македонци. Од друга страна: ако постојат толку документи за криминал и корупција на партиски функционери во власта, а безаконието, неказнето продолжува каде е тогаш Големото праведно око на „црната листа"?

Отидов до населба „Пролет" (во моето „Пролеќе"), кое важеше како пример за добро урбанистичко решение, а денес заедно со комшискиот „Мичурин" (и заради новата железничка станица) се деградирани делови на градот. Се гради модерна градинка а на ѕидот на училиштето „11 Октомври" е нацртан гулаб со порака дека луѓето се еднакви покрај различностите. Детската смеа секогаш радува. Нема да го цитирам Гете за хуморот и смеата ама ќе го истакнам значењето на нашиот „Театар комедија." Очајно недостасува ликовна култура и современо уметничко творештво, како и развој на историјата на уметноста како наука. Весниците не објавуваат уметничка критика што не вбројува меѓу земји на некултура. Студентите, во целата беда сега „Трчаат кон владата" уништен комплекс на модернизмот, сега кич место каде се пречекуваат високи гости од светот. Очигледно е и мошне лошото естетско и функционално уредување на градот, а „Скопје 2014" зрачи и со лоши еколошки ефекти. Каде се образованите „интелектуалци"? Сега е посмирено, можело и без закажување на „историското", бедно место за издавање нови лични документи - со несреќната додавка - северна. Градот нема „агол", го губи својот „пејзаж на душата". Животот е стуткан, во фрагменти, на „микро план". Луѓето се оттуѓуваат, комуницираат од интерес, во социјално раслоен амбиент.

Предизборната кампања поминува без посебна возбуда со веќе познати идеи и ветувања (не ретко во расчекор со реалноста), во познат манир, но можело да биде и поодмерено и поскромно во начинот на претставувањето и одбраниот вокабулар. Секако, зборот и сликата, особено однесувањето можат да бидат посугестивни за профилот на кандидатите. Се најавува присуство на меѓународни набљудувачи за успешно спроведување на „фер и демократски" избори. Едно е сигурно: по 24 доаѓа 25 април, а по 8 доаѓа 9 мај. Секако ни претстои решавање на тешки предизвици и извитоперености од голема важност за опстојување на македонската држава.

## ИН БОКС



### Отидов само до Ниш...

Не отидов далеку за да видам разлика од светлосни години. Само во Ниш. Ми е срам во каква тиња живееме.

**Дарија Андовска, 7 април, Фејсбук**









Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „СКОПСКО ЕХО"

# Во што Пендаровски би бил поразличен во следните 5 години?



**Никола ТАСЕВ**

Во предизборие често има една чудна појава – подисплашен политичар крева глас и покажува храброст. Просто да гледаш и да не веруваш дека функционеров е оној кој со години повеќе бираше да клечи, да е сервилен...

Таквите чуда мора да се видат. Па ако треба и нека се плати. Затоа, му предлагам на СДСМ под итно да организира продажба на билети за изборните трибини на нивниот претседателски кандидат. Дури и цените мора да се многу високи, слични на оние на финале од Лигата на Шампионите. Оти скапоцени се зборовите што ги слушаме од устата на Стево Пендаровски – како во изборен занос – билда патриотизам. Нешто што 5 години не слушнавме од него!

А и партијата ќе има повеќе пари за кампања. Па кога истото ќе го направат и за Ковачевски, па,па,па... Банка ќе можат да отворат и грантови на познати да делат – оти за тоа ги бива.

Туку да се вратам на Пендаровски. Замислете, сега, на крајот на својот мандат, најде сили за заклучувањето на европскиот пат на Македонија, покрај дежурниот (за него) виновник ВМРО-ДПМНЕ, директно да ја обвини и Бугарија. Затоа од утре сите трк на трибините на Пендаровски за изворно да слушнеме како: „Нашиот источен сосед, водејќи се од својата 19-то вековна анахрона, антимакедонска и антиевропска политика не блокираше на патот кон ЕУ".

Ваква одважност и храброст да излегува од устата на кандидатот Стево Пендаровски во изборната кампања, е реткост и мора да се види и чуе во живо. Дури кога ќе си на трибините ќе треба да се штипнеш за да провериш да не спиеш и сонуваш можеби. Дали е ова истиот човек кој како претседател, немо посматраше како секој може да се изживува врз Македонија како ќе посака... и од Брисел, и од Атина и од Софија... Но и од Скопје, од домашните функционери во власта, а тој само гледаше, гледаше, гледаше...

„Кај си љубави, те поздрави Зоки", легендарниот поздрав до поранешниот бугарски премиер, Бојко Борисов, сега го заменува со вперување на прстот кон источниот сосед. Кога е во кампања за Стево виновна е Бугарија, а кога е претседател...

Можеби во кампањата ќе слушнеме дека ќе се изјасни и за Гоце Делчев дека е Македонец, а не Бугарин, како што, како претседател, изјавуваше на неколку пати. Или пак ќе најде сили да каже и кој народ живее во Македонија, наместо изјавата „и народот што таму живее", која ја даде при примањето на орден од полскиот претседател во Варшава.

Ете затоа сите треба да ги посетиме неговите изборни трибини, оти ова што го збори таму, не го слушавме за овие 5 години. А токму тоа требаше да го зборува. Оти во тој период беше зафатен со поважни работи – на пример, да им угодува на партиите што го избраа СДСМ и ДУИ. Иако во кампањата пред 5 години вети дека ќе биде претседател на сите граѓани.

Па така да се потсетиме и на неговото пимплање околу францускиот предлог и промена на ставовите. Де еднаш предлогот бил неприфатлив и го уриваше идентитетот на државата, па покасно можел да помине, па се до дека тоа е вистинскиот предлог за почеток на преговори со ЕУ до кој треба цврсто да се држиме. Па велеше дека тој не видел француски предлог, па потоа дека учествувал во неговата подготовка. Ова дополнето со констатацијата дека Македонија не е држава од 50 милиони за да може да поставува услови.

А се сеќаваме и на уште една спектакуларна изјава, дадена на Регионалниот форум за млади лидери, дека ако не бил претседател и тој ќе се отселел од Македонија. Наместо да организираше уште во првата година од мандатот лидерска средба или проширен Совет на безбедност за да се направи Стратегија (како што вети во 2019 година) за да се спречи иселувањето, тој изрази желба и самиот да се исели.

Затоа, дури и да платиме и да го гледаме неговиот настап, на крај треба да се прашаме: Што Пендаровски би бил поразличен во односот кон Македонија и кон македонскиот народ ако добие нов мандат? Или треба „народот што таму живее" на изборите на 8 мај да му помогне во остварување на неговата намера, да нема повеќе пречки за да се отсели од државата!

**ИН БОКС**

# Претходно јасно да кажат...



ЧЕСНО И РЕДНО Е. Веќе со сигурност се знаат претседателските кандидати. Затоа, редно е и чесно е, наместо да се служат со општи фрази, кандидатите јасно да ги кажат своите ставови за:

– Идејата претседателот на Државата во иднина да се избира во Собранието, наместо на непосредни избори.

– Дали се за бришење на уставната формулација „20 насто/20%" и нејзина замена со албански јазик, како втор државен јазик.

– Внесување на Бугарите во Уставот, сеедно под какви услови и притисоци тоа би било направено.

Редно и чесно е за претходното јасно да го кажат своето мислење, бидејќи еден од нив, како иден претседател, ќе треба да ги потпише евентуално донесените собраниски одлуки за овие прашања. Ако со нив не се согласува, може да не ги потпише и да поднесе оставка на позицијата претседател на Државата. Сè друго (како, на пример, дека се за демократија, за ЕУ, за покачување на стандардот, подобро здравство и сл.) е само гола демагогија, со децении видена во македонската држава. Затоа, до изборите, на ова ќе потсетувам уште во неколку постови. Потоа, после изборите, нивните ветувања ќе се покажат на дело, па ќе остане само пустото сеќавање на она што го ветувале, макар што и тоа (барем досега) се покажа дека е немоќно средство, бидејќи постојано се оправдуваат со ступидната теза дека условите се промениле, како да се во прашање променетите услови, а не н и в н и т е лични промени.

**Љубомир Цуцуловски, 3 април, Фејсбук**


Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „СКОПСКО ЕХО"

# Шпионски игри во предизборието



Ивица БОЦЕВСКИ

Дали е навлезено корозивно руско или кинеско влијание во македонското предизборие? Концептот на „цивилна контрола на разузнавањето" и „демократска контрола на разузнавањето" во Македонија е вечна тема, уште од времето на реал-социјализмот. Случајот со „осуммината" од тогашното СВР, а денеска МВР, ја одбележа зората на македонската демократизација, а во македонската политичка историја во плурализмот буквално може да ја следиме преку шпионските афери, како меѓници. Имавме „бугарски летоци", па „сина птица", „паравојска", заклучно со „големото уво" и со „бомбите на Заев". За жал, македонските политичари не ја научија лекцијата дека службите треба да се фокусираат на заштита на македонската национална безбедност, дома и надвор, дека треба да се дел од нашите мрачни сили кои се борат за заштита на македонската држава, нејзиниот интегритет, но и за опстанок на македонската демократија. Премногу беше привлечен поривот кај македонските политичари за злоупотреба на службите за нивни лична моментална корист. Нормално, сето тоа секогаш завршуваше трагично.

Македонските разузнавачи се дел од македонското општество, па, за жал, и тие се социјализираат во оваа грозна транзициска каша. Џабе беа измените на законската рамка, обидите да се расчисти тоталитарното минато преку лустрација, па сè до најграндиозното промашување, наречено „извештајот на Прибе".

Сега слушаме нови гласини. Актуелната власт ја злоупотребува и внатрешната и надворешната служба, АНБ и АР, па дури и воениот оддел за оцрнување на политичките противници. Веќе беа сериозно начнати некои кристално чисти кариери во разузнавањето, дипломатијата, војската и полицијата со злоупотреба на постапката за издавање НАТО сертификати, афера која што ќе мора да има и анкетна комисија во Собранието за нејзино расчистување.

Но, далеку почудовишни се намерите да се влезе во лажни вести, измислици, па дури и лиферување на фалсификувани документи, видеа и фотографии произведени од вештачка интелигенција, со цел да се прикаже дека клучните политичари, интелектуалци и професионалци поврзани со опозиција, имаат некакви тајни, коруптивни и шпионски руски или кинески врски. Целта на оваа операција е да се направи пресврт во предизборието и да ѝ се наштети на идната власт по изборите.

Како и при секоја досегашна злоупотреба на службите, ако главните протагонисти од власта продолжат со ова сценарио само ќе се избрукаат пред јавноста и ќе се изопштат себеси засекогаш од македонската политика. „Шпионските игри" на политичарите секогаш завршуваат со плачки, па ајде да ја повториме таа лекција уште еднаш.

# Нормализацијата на девијацијата



Заге ФИЛИПОСКИ

Љубљана е најчист град, а Словенија најзелена држава. Јапонските навивачи си го собраа ѓубрето пред да си одат, дечињата си ја чистат градинката, во сообраќајот се вклучуваат еден по еден, ги почитуваат другите. Во ЕУ осудени за корупција, и многу други за нас невообичаени, а посакувани дејствија на кои се воодушевуваме но не ги правиме?

Што е девијација? Поместување на некое тело од правецот на движење. Девијација (искривување) на нос. Статистичка девијација. Девијација (ж.), неприродност. Социолозите и криминолозите проучуваат девијантни општествени појави и како се манифестираат, воедно и како се создаваат општествените норми, како се менуваат низ времето и како тие се спроведуваат. Во науката прифатени се трите основни критериуми: нормативен, реактивен и вредностен. 1) Нормите се правила за однесување меѓу луѓето во општеството (закони). 2) Општествената реакција, како реагираме на одредено однесување, го поддржуваме или го осудуваме, и дали им укажуваме на тие со девијантно поведение. 3) Вредностите (домашно воспитување). За девијанти се прогласуваат оние кои не постапуваат во сообразност со вредностите кои се признаени како важечки. Всушност, девијантно е секое однесување кое во тој определен општествен систем е несакано. Каква е нашата лична и општествена реакција кон девијантните појави? Како реагираме кога ќе се соочиме со вакви поединци и добро организирани групи, дали ќе им укажеме? Дали сме ние организирани? Каква е нашата реакција кон несовесните возачи во сообраќајот, тие што не го фрлаат ѓубрето во корпа, што не плаќаат за влез, за лифт? Каква е нашата реакција кон тој што амнестира криминал и што ги менува законите според лични потреби и интереси? Кој го нацрта, и кој го изгласа ДУПот и наместо парк вцрта згради?

Се додека ги прифаќаме девијантните појави без општествена реакција без осуда значи дека ги прифаќаме, и тие стануваат нормална појава. Е тоа е веќе нормализација на девијацијата. Едно и најбитно се нашите индивидуални норми на однесување, па потоа на другите. Кога другиот греши дали ќе му укажеме или ќе си премолчиме? Сетете се слични се дружат со слични. Тие што ги избираме говорат за нас и нашите вредности. Впрочем, дали сме убедени дека нашата партија ги поддржува најдобрите, (етички, стручни) кандидати? Дали не прашаа што мислиме за овие кандидати и нивното поведение и капацитет, или само ќе одиме на митинг, ќе им „плускаме", ќе ги поддржуваме? „Прв пат му е." „Па сите партии и политичари се исти!" „И другите така правеа". Она што порано било девијантна и неприфатлива појава веќе станува вообичаено однесување. Епа тука грешиме.

skopskoeho.mk кликни!
читајте не и на интернет и таму сме бесплатни


Ставовите изнесени во колумните се лични ставови на авторите и не се автоматски и ставови на редакцијата на „СКОПСКО ЕХО"

# И привремените ограничувања се фактор за случување на сообраќајна незгода



Пеце ЛОЗАНОВ

На патиштата во Македонија секојдневно се случуваат несреќи. Според статистиката годишно животот го губат околу 150 лица и 2.000 повредени. Тежината на судирите може да варира во голема мера: од мали судири до поголеми и со смртни последици. Оценувањето на основните причини за несреќите може да помогне патиштата да се направат многу побезбедни. Ова овозможува да се идентификуваат трендовите и негативните движења, на кои законодавецот може да се спротивстави со соодветни мерки доколку е потребно. Но, кое лошо однесување најчесто доведува до сообраќајни несреќи? Според статистичките податоци, дали причините може да бидат од привремено ограничување? Зошто е важно собирањето податоци и анализата на причините за несреќа? Како што покажува една студија, 71 процент од населението сега носи очила или контактни леки. И видот на луѓето е проблем кој често се потценува. Затоа, станува сè поважно да се разјасни како да се дејствува кога ќе се појават ограничувања за да може да се гарантира соодветна мобилност. Привремено ограничување може да предизвика различни физички проблеми. Скршените нозе и раце, грипот, па дури и едноставните главоболки може да доведат до краткорочни проблеми при управување со моторно возило. Сепак, властите за патниот сообраќај не предвидуваат посебна проценка за способност за возење со соодветно официјално одобрение за привремени физички ограничувања, а не сум слушнал дека воопшто некаде постои.

Шанса да се претставиме во светот или најкратко на балканот како лидери за безбедноста во сообраќајот! За да остане мобилно, засегнатото лице мора да одлучи на своја одговорност, во консултација со лекар и осигурителната компанија за моторни возила, дали е способно за возење или не. Доколку се сомнева возачот само се препорачува да не управува моторно возило. Кај постарите луѓе, способноста за гледање и слушање често се влошува со текот на годините. Овој факт влијае и на мобилноста. Сепак, тоа не значи дека постарите луѓе предизвикуваат повеќе сообраќајни несреќи. Предводници во сообраќајните несреќи се младите возачи на возраст од 18 до 24 години. Сепак, докажано е дека сензорните перформанси на повеќето луѓе почнуваат да опаѓаат по 30-тата година од животот. Телото исто така станува послабо со зголемувањето на возраста. Флексибилноста, силата и фините моторни вештини се намалуваат и нема секогаш доволно енергија и издржливост за да се надминат секојдневните пречки. Поради оваа причина, потребни се редовни проверки на способноста за возење од 70-годишна возраст. Долгорочните ограничувања се физички или психолошки ограничувања кои траат подолго од шест месеци (на пр. параплегија). Долгорочните ограничувања може да произлезат од раѓање, преку болест или несреќа и обично им предизвикуваат на луѓето поголеми проблеми со подвижноста. Во повеќето случаи, засегнатите кои веќе имале возачка дозвола пред ограничувањето имаат силна желба да останат мобилни во иднина. Во многу случаи оваа желба може да се исполни. Постојат бројни опции за да можат и лицата со долгорочна попреченост да учествуваат во сообраќајот на патиштата. Најновата технологија носи поголема безбедност. Модерните возила сега имаат различни помагала за удобност и безбедност, таканаречени асистенти. Што можат да ја зголемат удобноста и безбедноста, особено за лицата со посебни потреби. Сепак, возилото често треба да се прилагоди за лицата со посебни потреби. Денес речиси и да нема ограничувања за технологијата и можностите.

ДА СИ ПРИПОМНИМЕ

# Македонска историја на која треба да се навраќаме

**Историјата ни е преполна со збиднувања, настани... Често многу од нив се подзаборааат во овие нови „модерни" времиња кога разни „експерти" не учат дека требало само напред да се гледа. Сепак, да си припомниме што се случувало деновиве пред години во Македонија:**

*11 април*



**1943 г.** На пат за Солун, надвор од селото Имера, Егејска Македонија, загинал Лазо Трповски, еден од најистакнатите революционери и организатори на борбата на македонскиот народ за национална слобода и социјална правда меѓу двете светски војни и за времето на фашистичката окупација. Роден бил во селото Д'мбени, Костурско во 1901 година.

*10 април*

**1948 г.** Започнала изградбата на хидроцентралите „Маврово".

*9 април*

**1873 г.** Од Солун во Велес пристигна првиот воз. Поради тоа, 9 април е прогласен за Ден на македонските железничари.



**1942 г.** Од страна на бугарската окупаторска полиција бил убиен Орде Чопела, македонски комунист, учесник во НОБ. Одликуван е со Орден народен херој на Југославија на 2 август 1949 година.



*8 април*

**1993 г.** Со акламација во Генералното собрание на ОН, Република Македонија е примена како 181 рамноправна членка на Организацијата на обединетите нации но не под уставното име туку со наметнато - „Поранешна Југословенска Република Македонија".

*7 април*



**1953 г.** Починал Димитар Влахов, македонски револуционер, политичар и публицист. Повеќе децении бил присутен на македонската историска сцена во борбата на македонскиот народ за национално и социјално ослободување. Роден е во Кукуш, Егејска Македонија, на 8 ноември 1878 година.

ТАТЈАНА СТОЈАНОВСКА

# Ни беше одговорено дека ги нема парите исплатени за пошумувањето на Водно

**Границите на заштитеното подрачје се подигнаа, со што се создаде сива зона во која никнуваат дивоградби, вели активистката Стојановска**



Со Татјана Стојановска, активист на граѓанската организација „Го сакам Водно" зборуваме за состојбата околу (не)пошумувањето на Водно и какви се мерки се потребни за ова омилено излетиште на скопјани...

**• Поминаа речиси 5 години откако требаше да се обнови исечената шума на Водно поради изградбата на гасоводната линија. Парите за тоа, околу 42 милиони денари беа префрлени. Дали шумата се обновува? Каква е состојбата долж трасата?**

-По разговорите со Владата во тој период на руинирање на дел од Водно со цел изградба на гасоводната траса, беше договорена сума, како што велите од 42 милиони денари, кои ќе се префрлат на сметка од Град Скопје, потсметка стриктно за ЈП Паркови и Зеленило, со цел пошумување на оштетени делови од Водно, не делот на гасоводната траса, туку делови одредени со специјално формирана работна група која ќе утврди каде и кои видови дрвја би се засадиле. Работната група се состанала неколку пати, по што реагиравме дека како заинтересирана страна бараме учество во неа. Договорено беше со тогашниот градоначалник на Градот да учествуваме во финализацијата на планот за пошумување, нешто што никогаш не се оствари. Во меѓувреме се случи смена на функцијата градоначалник на Градот, по што, на нашето прашање за средствата на сметката стриктно доделени за пошумување на Водно, ни беше одговорено дека истите ги нема.

Секако, освен креирањето на велосипедски патеки на Водно, пошумување на истото не се реализира. Одговор па и отчет кон граѓаните на тоа каде се потрошени средствата никогаш не се доби.

**• Веќе е трета година откако Водно е прогласено за заштитено подрачје во категорија 5 – заштитен предел. Дали нешто е направено барем согласно на она што го предвидува тој статус?**

- Во однос на состојбата на Водно заштитено со Одлуката за прогласување на Водно како заштитен предел од петта категорија, се направи тотален хаос во неговото оживување. Границите на заштитеното подрачје се подигнаа, со што се создаде сива зона во која никнуваат дивоградби. И покрај забраната за градба која стои во одлуката, сè до носење Просторен план за Водно и План за управување, истата не се почитува. Ингеренциите остануваат поделени помеѓу градските општини и Градот, што создава конфузија во одговорноста. Гасоводот е посебна тема, таа уништена површина остана ископана, иако МЕР требаше да изврши нејзино уредување со нискожбунести растенија. Секако, гас низ гасоводот сè уште нема.

Во меѓувреме се привршува и Кулата на АЕК која ќе доведе до зголемен број на посетители, тешка контрола на пристап со автомобили, отпад , нешто што и без поголем број на посетители не е доволно решено во одржувањето на Водно.

**• Во вашите настапи постојано потенцирате дека е потребно да се донесе посебен закон за Водно. Зошто е тој неопходен и што би содржел и предвидувал?**

-По оваа Одлука за заштита на Водно која не реши ниту еден проблем со кој Водно се соочува, нашите напори се концентрираат на издејствување на Специјален закон за Водно. Специјалниот закон за Водно, треба да обезбеди интегрална примена на повеќе закони за да се решат базичните проблеми: неконтролираната градба, заштитата од порои кон градот со канали и каскади кои постојат, но се руинирани, заштита од пожари, заштита на шумскиот растителен и животински свет,оживување на руинираните делови и стриктно задолжувања за управување со него. За жал, таков закон сè уште не е иницииран.

## Прашање е на време кога природата ќе ни укаже...

**• Доколку ваквата негрижа продолжи, што му се заканува на Водно?**

- Вистинското прашање е : што му се заканува на градот? Многупати сме повториле, но морам повторно да кажам: Водно е пошумувано и креирано со канали за заштита на градот од порои , пожари и други непогоди. Убавината која природата ја создала со прифаќање на вештачкото пошумување и развивање во еден вистински зелен парк, е само плус за граѓаните на Скопје. Водно се соочува со губење на зелената површина, одредени животински видови, инсекти или растителни видови поради негрижа, но градот се соочува со можности за свлечишта, порои и пожари ако оваквата негрижа продолжи. Ако не се стави крај на забрзаната урбанизација, ако не се обноват и одржуваат каналите и каскадите специјално дизајнирани во минатото, а сега покриени, затнати или оштетени, прашање е на време кога природата ќе ни укаже дека е појака од нашата негрижа

повеќе разни содржини читајте на
skopskoeho.mk КЛИКНИ!
и на интернет сме бесплатни

ПЕТАР ЦЕКОВ

# Знам дека сум на прав пат се додека ги подобрувам своите пливачки лични рекорди



**Тренирам 9 пати неделно. Во иднина се гледам како преставник на Македонија на Олимписките игри во 2028 година, вели Петар кој веќе има многу медали**

Лани со своите 15 години стана дел од репрезентативниот тим на Македонија во пливање, имаше три настапи во базенско и едно во маратонско пливање. Лани беше и победник во македонскиот куп во далечинско пливање (категорија 2006-2008) при што по вкупно пет трки четири пати се качувал на победничкиот пиадестал. Пред две години беше прогласен за најуспешен пливач во категорија на постари пионери со освоени 8/8 први места, а истата година беше и апсолутен победник на Македонија на дисциплината 1500 метри слободно... Сето ова се успеси кои зад себе ги има младиот пливач Петар Цеков, член на ПК „Вардар – Скопје" инаку ученик во спортската гимназија „Методи Мицевски – Брицо". Тој 10 години активно тренира и се натпреварува во пливањето.

-Мојот татко беше иницијатор да почнам да се занимавам со пливање. На мои полни 5 години реши за прв пат да ме однесе на базен во ОУ „Димитар Миладинов", каде ме запозна со тренерот Ненад Тасевски. Тој го увиде мојот потенцијал и ме префрли во пливачкиот клуб Вардар-Скопје на Олимпискиот базен Центар кај мојот сегашен тренер Горан Стаменов. Првата награда ја освоив на пливачкиот митинг "Жирафа куп 2016" за освоено 2-ро место. Тогаш одлучив дека пливањето е спорт број еден за мене и дека сакам професионално да се бавам со пливање. Денес не можам да си го замислам животот без пливање и базен, ни вели Петар.

Тој објаснува дека пливањето е тежок спорт како физички, така и психички затоа што додека си во вода и пливаш немаш никаков контакт со други луѓе.

-Сам си во вода со своите мисли и своето тело и се натпреваруваш против времето и штоперката. Секој тренинг е тежок на свој начин и за мене секој тренинг преставува нов предизвик. Тренирам 9 пати неделно. Сметам дека не е само напорната работа во базенот, многу е важно како се однесуваме надвор од базенот. Здравиот сон, исхраната и опоравокот се составен дел од тренажниот процес и не смееме да ги запоставиме, објаснува овој талент. Вели и тоа дека кога сте фокусирани на победата, кога пливате со срце и сте спремни последниот атом од силата да го дадете за победа, тогаш не постои ништо што може да ве спречи да не победите.

-Знам дека сум на прав пат се додека ги подобрувам своите лични рекорди без разлика на местото кое сум го заземал. Сметам дека со напорна работа, дисциплина и трпеливост победата сама по себе ќе си дојде, знам дека на крајот од денот целата напорна работа и трудот вложен ќе се исплати, вели тој додавајќи дека напорната континуирана работа е многу поважна од талентот. Инаку, негов животен сон, како и на сите спортисти и пливачи се олимписките игри.

-Во иднина се гледам како преставник на Македонија на Олимписките игри во 2028. Напорно ќе работам се додека Македонија не добие олимписки шампион, вели Петар.

## Не можам да замислам живот надвор од Македонија

-Доколку завршам студии во странство би се вратил во Македонија, заљубен сум во мојата татковина и не можам да го замислам животот надвор од неа. Сметам дека моменталната состојба во Македонија ќе се подобри и животниот стандарт ќе се подигне на повисоко ниво, вели Петар.


ВЕСНИКОТ ГО ИМА И ВО ВАШЕТО МААЛО...

50.000 тираж

## Земете примерок на „Скопско Ехо" на 100 локации низ градот и републиката

Ова се локациите каде може да си земете весник „Скопско ехо", кој бесплатно ве чека секој четврток, а се дели и на плоштади, како и во градови низ Македонија:

**Автокоманда:** Маркет КАЛИНКА; Драгстор ЕЛДЕ
**Аеродром:** Тобако ТАБАК ИВ; Пекара ЈОВЧЕ ТЦ Бисер; Пиљара греен Фрут; Маркет ОКИ; ДИСКОНТ М; Месарница БЕЈБИ БИФ ТЦ Бисер
**Битпазар:** Тобако ГАБЕРЦИ ТРЕЈД
**Бутел 2:** ТП КИКИ; Продавница МАТАК
**Влае:** ТИКТАК Тобако
**Водно:** ВОДНО МАРКЕТ
**Железара:** ПАЛАК ТРЕЈД
**Капиштец:** Тобако МАРТОН ТП
**Карпош 1:** Продавница УН АМИГО ГРАНДЕ
**Карпош 2:** Тобако ЕСТЕРА ЛУКА
**Карпош 3:** ТАК ТОБАКО; ДАНИ МЦ
**Карпош 4:** Зур и Гранап
**К. Вода:** Тобако МОРНАР; Тобако ТО МИ АС; Маркет ДИМ
**Козле:** ЗОКИ ГОЛД
**Населба Лисиче:** ДИСКОНТ М, ЕЛИДА 28, ЕЛИДА 29
**Населба Лисиче:** ДИСКОНТ М
**Ново Лисиче:** АГРОВАРДАР ПРОМЕТ
**Тафталиџе 1:** МЕСАРА АНДРЕА
**Тафталиџе 2:** ТОБАКО ВЕНЕРА
**Центар:** ДЕНЕСА ТОБАКО, ТОБАКО МТ АС, ТОБАКО ЛАЦДИ, продавница ЦАЦИ, КИОСК ВИТА ПРЕС
**Црниче:** ПОЛО МАРКЕТ
**Чаир:** Продавница ГИЛЕ СУПЕР ТРЕЈД; ТП КИКИ
**Ченто:** МАРКЕТ АНГО КОМЕРЦ

Маркети ЕЛИДА — МАРКЕТИ ЕЛИДА

Весникот може да го побарате и во објектите на МАРКЕТ ЗУР

SPORT LIFE Живи спортски! — ОБЛОЖУВАЛНИЦИ

ПЕКАРИ — Сподиум

Гранап — МАРКЕТИ ГРАНАП

КРУМЕ СПАСОВСКИ

# И „најмртвата“ свадба сум ја правел највесела

Познатиот македонски пејач Круме Спасовски одговара на 10 прашања околу неговиот живот...



**1. Три најсреќни моменти во животот?**
-Најважни ми се оние моменти кога за прват ја запознав Зага, мојата сопруга, кога на фестивалот во Краљево во Србија победив со песната „Чудна жена беше Вера“ и кога ми се родија децата, внуците, правнуците.

**2. Три работи кои се каете што сте ги направиле?**
-Се кајам што не сум завршил макар средното училиште, што еднаш во казино послушав менаџер и си направив загуба и се кајам посебно што се родив во држава која естрадата не ја постави на основи како во други поранешни ју-држави и не остави голи и боси.

**3. Тројцата Македонци од сегашноста со кои се гордеете?**
-Се гордеам со Вељо Личеноски, режисер и монтажер во МРТ, со Петре М. Андреевски кој ми беше уредник, како и со моите прекрасни родители.

**4. Три работи кои Ве радуваат и три што Ве нервираат?**
-Ме радува тоа што успеав да испеам толку многу песни, што опстоив 55 години на естрадата, а се надевам дека ќе одбележам и 60 години со посебен концерт. Ме радува и тоа што семејството ми е живо и здраво и што се зголемува, како и сопругата Зага која е со мене во сите важни моменти од животот.

Не можам да си простам што во 1974 година не ја прифатив понудата од Белград да настапувам таму како пејач, а ме нервира и тоа што се уништи касетната продукција на МРТ. А најмногу ме нервираат Македонците од дијаспората кои заминаа во странство со ју-пасоши, меѓу кои сум настапувал многу пати, и од кои не сум слушнал убави зборови за Македонија, дека нашата држава стана подобра, поразвиена, туку само нешто критикуваат.

**5. Три предмети што најмногу Ве намачија како ученик?**
-Па како што кажав, успеав да завршам само основно образование. Па, како тогаш да издвојам само три....

**6. Три работи во кои сте добар, и три во кои не Ве бива?**
-Ме бива за готвење, знам да направам убаво риба. Ме бива посебно за чалгациски песни, но и за тоа да направам вистинска веселба. На свадбите, на пример, настапувам само по околу половина час и за тој период и „најмртвата“ свадба ќе ја направам највесела.

Не ме бива за ситни поправки дома, а можете да замислите како стојам со покрупните проблеми. Не ме бива за лага и измама.

**7. Три места во Македонија што радо би ги посетиле?**
-Бигорски манастир, Охрид и во кумановскиот крај течението на реката Пчиња.

**8. Три најдобри книги, филмови и песни?**
-**Книги:** Првата е „Пиреј“ од Петре М. Андреевски, а останати се делата од Карл Маркс и од Хегел.
**Филмови:** Ги сакам македонските филмови, посебно „Пред дождот“, „Среќна нова 49“...
**Песни:** „Блазе тебе Миро“, од Никола Бадев, „Ајде сонце зајде“ од Кирил Манчевски и „Еј Заге, носам чалгии“ во моја изведба.

**9. Три омилени јадења?**
-За сите јадења сум цар, гурман сум, сакам убвао да јадам. Со мене на човек и да не му се јаде, ќе му се пријаде.

**10. Три совети кои ги давате на другите?**
-Најчесто ги советувам младите пејачи. Им кажувам да не ги преправаат оригиналните стихови на нашите стари песни. И, посебно, да не слушат шунд музика туку македонска изворна музика за да таа се сочува и низ следните генерации.

## ГРАДСКИ ИНФОРМАТОР

### МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

11 април 20.00 ч.
**Секс и глад**
13 април 20.00 ч.
**Станд уп на Сашко Коцев: Колку широк дијафазон**
15 април 20.00 ч.
**Торонто експрес**
17 април 20.00 ч.
**Народен непријател**
18 април 20.00 ч.
**Претпремиера: Хенгинг араунд**
19 април 20.00 ч.
**Премиера: Хенгинг араунд**






### НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

11 април 20.00 ч.
**„Госпоѓиците од Авињон“**
16 април 20.00 ч.
**„Сага идентитети“, современ балет**

### ФИЛХАРМОНИЈА

11 април 20.00 ч.
**Есотериа**



### ДРАМСКИ ТЕАТАР

**Фирма**
25 март 20.00 ч.
**За нас почнува живот**

### ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ

11 април 19. 00 ч.
**Убавицата и ѕверот**
12 април 19.00 ч.
**Волшебната флејта**
13 април 19.00 ч.
**Лажеш Мелита**
17 април 19.00 ч.
**Како ќе го делиме мачорот**



### СИНЕПЛЕКС

11 април
**Истерувачи на духови: Смрзнато царство, фантастика**
**Улоги:** Пол Руд, Кери Кон

### МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР

15 април 20.00 ч.
**Мачката Елеонора**

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ ВО СКОПЈЕ

Противпожарна бригада 193
Брза Помош 194
Полиција 192
Клинички центар 3147 147
Градска општа болница 3087 400
Водовод и канализација - Пријави дефект-Скопје 0800 22555
ЕВН Македонија-пријава на дефекти 0890 88888
ЈСП-Скопје 3 174 264
Национална бесплатна СОС линија за жени жртви на семејно насилство - 070 141 700; 141 700
АМСМ-Телефон за состојба на патишта и информации 15555
АМСМ-Телефон за помош на пат и шлепување 196
Железничка станица-Скопје 3 164 255
Аеродром ТАВ 3 148 333
Меѓуградска автобуска станица - Скопје 2466 313
Матична служба 3223 787
Храм „Св. Климент“ 3237 218
Пазарен инспекторат 3220 547
Целосен телефонски именик на Република Македонија 1188
МНТ билетарница 02 3230 304

# Не можат ли предметите со откупот на земјиште за сообраќајници да одат забрзано?

Неодамна во ноќно време имав потреба со автомобил да заминам од центарот на Скопје до населбата Драчево. Таму ретко ме наведува патот па моето изненадување од тоа како изгледа патувањето до оваа скопска населба беше големо. Не можев ни да помислам со што поминуваат голем дел од нашите сограѓани кои живеат во Драчево и во околните села кога патуваат до и од централниот дел од градот. Патот, односно, булеварот „Борис Трајковски“, кој води од Кисела Вода па до Драчево е во катастрофална состојба во еден голем дел. Причина за тоа е започнатата, но не и завршена реконструкција на булеварот. Па така, сега има искорнат асфалт, дупки, макадам, стеснет коловоз кој не е најдобро одбележан, па ненадејно сфаќате дека ви се доближуваат возилата од спротивен правец и сето тоа го голема темнина која оневозможува брзи реакции.

Колку е тоа опасно, колку тешкотии им предизвикува на возачите на илјадници возила кои секојдневно и секој час поминуваат по овој „булевар“ не е тешко да се замисли. А сето ова е поради тоа што реконструкцијата на оваа сообраќајница никако да заврши. Некаде прочитав дека реконструкцијата била започната уште во јули 2021 година. Значи сега ќе се навршат три години. Ја започнал претходниот градоначалник, а ја продолжила новата градоначалничка при што како проблем се појавиле незавршените предмети за откуп на земјиштето по кое треба да оди проширениот булевар. Па така, додека тие предмети не се завршат не може ни да се продолжи да се гради.

Случајот, според мене, е сличен на незавршувањето на мостот во општина Аеродром, кој не може да се пушти во употреба оти и таму имало проблеми со откупот на парцелите по кои треба да врви новата сообраќајница по населбата Керамидница. Колку време таму ќе биде потребно, исто така, не се знае. Значи, како граѓани би требало да се помириме дека до Драчево ќе патуваме по дупки, а дека од Аеродром пак ќе кружиме до Автокоманда...

Очигледно, правните постапки на земјиштето предолго траат. Моето прашање е: дали може да се стори нешто за да тие бидат забрзани? Не можат ли тие предмети да добијат приоритет, да одат нешто побрзо отколку што сега се случува. Може ли Градот Скопје да иницира вакво нешто кај останати органи надлежни за откуп на земјиштата? Јас ја разбирам потребата на сопственицие на парцелите да добијат правилен надомест, но ја разбирам и потребата на Градот и на граѓаните да добијат сообраќајници. Тогаш, надлежните органи нека донесат објективна одлука, но нека не се чека со години на тоа туку нека оди побрзо. Ако може судските одлуки за изборните предмети да се носат во забрзани постапки, зошто тоа да не се примени и во случаевите на откупот на земјиштата?

**Горан Д.**

**Почитувани читатели,**
рубриката „Писма“ е наменета за ваши реакции и мислења по разни теми што ве засегаат. Обраќањата може да ги испраќате на нашите адреси: **ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје;** и на **skopskoeho10@yahoo.com**
Дописите ќе се објавуваат во изданијата на весникот во зависност од просторот.





| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | ГРАД ВО ЕГИПЕТ, ЗБРАТИМЕН СО СКОПЈЕ 1985 ГОД. (НА ФОТОС) | НАЈГОЛЕМ ХРВАТСКИ ОСТРОВ ВО ЈАДРАНСКОТО МОРЕ | УБАВИНА, ЛИЧОТА, ЛИЧОТИЈА | ШПАНСКА ПРВА ФУДБАЛСКА ЛИГА | МЕТАЛЕН УКРАС ЗА КОСА ВО КАМПУЧИЈА | ВИД ПИТУЛИЦА, МЕКИЦА | ВИД КОМПАКТНО АВТОМАТСКО ОРУЖЈЕ (УЗИЕЛ ГАЛ) | АРТИСТОТ О' НИЛ | ЈАПОНСКА БОЖИЦА НА СОНЦЕТО |
| | | | | | ВИД СЛИКАРСКА УМЕТНОСТ, ВАЈАЊЕ, ВАЈАРСТВО | | | | | | | | | |
| | | | | | ИЗГРАДБА И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАД, НАУКА ЗА ПЛАНСКО ГРАДЕЊЕ НА ГРАД | | | | | | | | | |
| | | | | | НАУКА ЗА ОДНОС. НА ЖИВИТЕ ОРГАНИЗМИ СПРЕМА НИВНАТА ОКОЛИНА | | | | | | | | | |
| | ВЛОЖЕНИ ПАРИ, ВЛОГ, КАУЦИЈА | ПЛАНИНСКИ ВЕНЕЦ ШТО СЕ ПРОТЕГА НИЗ ПОЛУОСТРОВСКА ИТАЛИЈА | АНГЛИСКИ ФИЛМСКИ РЕЖИСЕР, ДЕЈВИД | ОБИЧАЈ (ТУР.) | ЦЕЛЗИУС / АМЕРИКАНСКИ АРТИСТ, ТОМ | | СРПСКО М. ИМЕ / СТИЛ ШТО ГО ИМИТИРАЛ НАПОЛЕОН | | | | | КОЊ / СТАРОРИМ. ДРАМСКА ИМПРОВИЗАЦИЈА | | |
| ГРАД ВО АМЕРИКАНСКАТА СОЈУЗНА ДРЖАВА ТЕКСАС | | | | | | ТИП АНТИТЕНКОВСКА ПУШКА / ВИД СЛАТКА (МН.) | | | | ВИД ЛЕКОВИТО РАСТЕНИЕ (ЗАЧИН) / ИНТРОДУКЦИЈА, УВОД | | | | |
| ГОРНИОТ, ПОВРШИНСКИОТ СЛОЈ НА КОЖАТА КАЈ ЛУЃЕТО | | | | | | | | ИМПЕРАТОР ВО ЗАПД. РИМ. ЦАРСТВО / ВУЛКАН ВО ЈАПОНИЈА | | | | | РАДИУС / ВИД МОРСКИ ПОЛЖАВ | |
| ЖЕНА НА ОДИСЕЈ, МУ ОСТАНАЛА ВЕРНА СЕ ДОДЕКА НЕ СЕ ВРАТИЛ (ГРЧ. МИТ.) | | | | | | | | | МИСЛЕЊЕ, СУД, ОЦЕНКА / НАПАД, НАВАЛА | | | | | |
| ОЛИВЕРА НИКОЛОВА | | | АМЕРИКА. АРТИСТ "КОЏАК" / ВИД ИНДУСТРИСКО РАСТЕНИЕ | | | | | | | | | | | |
| МАРКА РУСКИ АВТОМОБИЛИ | | | | ЈАПОНСКИ БОРЕЧКИ СПОРТ / САРАЕВО | | | | | | | ВАВИЛОНСКИ БОГ НА НЕБОТО / ОСКАР ЏАСИ | | | |
| ШПАНСКО ЖЕНСКО ИМЕ | | | | | ТОНА / ПИТАР | | СВЕТСКИ ПОЗНАТА ПЕЈАЧКА / "ЛОКАТИВ" | | | | | | | ДЕНАР |
| ЕКС ФИНСКА АТЛЕТИЧАРКА (ФРЛАЊЕ КОПЈЕ) | | | | | | | | | | АНГЛИСКА МЕРКА ЗА ДОЛЖИНА | | | | |

## СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 4 | | | | | 6 |
| 8 | | 7 | | | | 4 | 9 | |
| | 6 | | | 2 | 7 | | | 8 |
| 5 | 9 | | | | 1 | | | 3 |
| | | | | 9 | | | | |
| 4 | | | 7 | | | 5 | 1 | 9 |
| 7 | | | 6 | 5 | | | 8 | |
| | 3 | | | | | 9 | | 5 |
| 9 | | | | 3 | 8 | | | |

## ХУМОР

Трпана му се дере на Трпе:
- Пијаницо една! Кое време се прибра дома?!
- Во 12 без 5!
- Лажеш! Се врати во 7 часот наутро.
- Точно, па 12 без 5 колку е, а?!

* * *

Трпе го сретнува Цветко после подолго време и го прашува:
- Работиш нешто?
- Во јавна администрација.
- Прашав дали работиш нешто.

* * *

Малиот Трпе го прашува татко му:
- Тато, знаеш што е папучар?
- Не!
- Па, изгаси ја правосмукалката да ти кажам!

* * *

Трпе оди на пазар, застанува пред тезга и го прашува продавачот:
- Извинете, зошто краставициве мирисаат на алкохол?
Продавачот се поместува 2 чекори назад и му вика:
- А сега?

* * *

Полицаец застанува бабичка од 80 години и и вели:
- Па добро госпоѓо, зошто возите толку брзо?
Бабата: Ма дај пушти ме, дур сеуште памтам кај сум тргнала.

7

Движење
ЗНАМ
ЗА НАША МАКЕДОНИЈА
www.dvizenjeznam.org.mk



# МАКСИМ ДИМИТРИЕВСКИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ

## МАКСИМУМ ЗА МАКЕДОНИЈА

Платена политичка реклама, нарачател ЗНАМ